РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-68/5
27.11.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 02-03/2025 од октомври 2025 година, изработен од Друштво за архитектонски услуги „АРТИГО" ДООЕЛ Скопје.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 18 979,45 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 02-03/2025 од октомври 2025 година, изработен од Друштво за архитектонски услуги „АРТИГО" ДООЕЛ Скопје, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-68/3 од 07.11.2025 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 0807/15 од 29.09.2023 година, изработен од ДИПТУ „ГЕО СТОЛЕ" ДОО Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат издадено од Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка под бр. 1110-44/2023 од 04.10.2023 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 99/2025 од октомври 2025 година, извршен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.

Образложение

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам број на постапка 66774, заведено под број 22-1315/1 од 28.11.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 02-03/2025 од октомври 2025 година, изработен од Друштво за архитектонски услуги „АРТИГО“ ДООЕЛ Скопје.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 02-03/2025 од октомври 2025 година, бр. 22-68/3 од 07.11.2025 година, со предвидена класа на намена:

А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување согласно Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)..

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=278153, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2025.11.27 14:48:09 +01'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски

Daniel Pavlovski
Digitally signed by Daniel Pavlovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=01.4, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=290094, title=Gradonacalnik, sn=Pavlovski, givenName=Daniel, cn=Daniel Pavlovski
Date: 2025.11.27 14:47:22 +01'00'